РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ / MINISTRIA E FINANCAVE
БИРО ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ / BYROJA E PROKURIMIT PUBLIK
Бр.Nr. 04-1029/23
23.06.2025 год.
С К О П Ј Е / SHKUP

Архивски број: 04-1029/
Датум: __.__. 2025 год.

Врз основа на Член 49 став 2 и член 52 став 3 и став 4 од Законот за организација и работа на органите на државната управа ("Службен весник на РМ" бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10, 51/11 и "Службен весник на РСМ" бр. 96/19, 110/19 и 121/24), Член 22 став (1) алинеја (2) од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на РМ" бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Службен весник на РСМ" бр. 143/19, 14/20 и 208/24) и Член 23 став (4) од Законот за работни односи ("Службен весник на РМ" бр. 167/15 – пречистен текст, 27/16 и 120/18 и "Службен весник на РСМ" бр. 110/19, 267/20, 151/21, 288/21, 111/23 и 39/2025), Директорот на Бирото за јавни набавки донесе

# О Д Л У К А

## за избор на еден (1) извршител кандидат за вработување на определено време

1. За работното место број 1: УПР0101Г01000 Самостоен референт-ликвидатор во Одделение за финансиски прашања при Бирото за јавни набавки - Министерството за финансии се избира кандидатот ЈОВИЦА ТОДОРОВСКИ.

2. Именуваниот/ата ќе биде вработен на работното место од точка 1 од оваа одлука по конечноста на одлуката, за што ќе се склучи договор за вработување на определено време.

3. Оваа одлука влегува во сила по конечност на истата.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Комисијата за спроведување на процесот на селекција на кандидати за засновање на работен однос на определено време во Бирото за јавни набавки формирана со Решение број 04-1029/4 од 05.06.2025 година донесено од директорот на Бирото за јавни набавки, по Јавниот оглас за вработување на определено време број 01/2025 објавен на 05.06.2025 година во дневните весници Нова Македонија и Коха и на веб-страната на Бирото за јавни набавки, за горенаведеното работното место спроведе селекција и интервју за избор на кандидат за наведеното работно место.

Комисијата за спроведување на процесот на селекција на кандидати за засновање на работен однос на определено време изготви Записник од извршена селекција од јавниот оглас број 01/2025 за вработување на определено време број 04-1029/19 од 19.06.2025 година, Записник од работата на Комисијата за вработување на определено време по Јавен оглас број 01/2025 заради спроведување на интервју број 04-1029/20 од 20.06.2025 година и Предлог-одлука за избор на кандидати број 04-1029/21 од 20.06.2025 година, врз основа на што директорот на Бирото за јавни набавки изврши избор како во диспозитивот на оваа одлука.

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа одлука може да се поднесе жалба во рок од 8 дена сметано од денот на приемот на решението преку Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

д-р Маре Богева-Мицовска
Директор

ДОСТАВЕНО ДО:
- именуваниот/ата
- Одделение за управување со човечки ресурси
- Агенција за вработување на РСМ



[1] 04-1029/23 [2025]